**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-9097/6
Скопје, 8 октомври 2024 година

До
**Претседателот на Собранието**
**на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Даниела Давитковска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и<br><br>проф.д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука |
| ПОВЕРЕНИК: | Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,
октомври 2024 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) и со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и како Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени со овој закон, како правни следбеници на ова министерство.

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување со член 28 точка 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување и со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализирање на овој закон нема да бидат потребни дополнителни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Член 1

Во Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), во член 14 во ставот 6 и член 18 во ставот 16 зборовите ,,Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 2

Во член 27 во ставот 3 зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација, определен од министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за дигитална трансформација, определен од министерот за дигитална трансформација“.

Член 3

Во членот 28 став 4 зборовите ,,Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен” се заменуваат со зборовите ,,Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 4

Низ целиот текст на Законот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од овој Предлог на закон, во член 14 став 6 и во членот 18 став 16 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување со член 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24).

Со членот 2 од овој Предлог на закон, во член 27 во ставот 3 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

Со членот 3 од овој Предлог на закон, во членот 28 став 4 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување со член 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (,,Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.194/24).

Со членот 4 од овој Предлог на закон, се врши усогласување на Законот со Амандман XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија.

Со членот 5 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) и со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24).

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

### Член 14

Испитот за директор на училиште може да трае најмногу 150 минути за сите три дела од испитот. Првиот дел од испитот е со времетраење до 60 минути, вториот дел од испитот е со времетраење до 60 минути, а третиот со времетраење до најмногу 30 минути.

Испитот се организира најмалку два пати годишно за група од најмалку три пријавени кандидати.

Ако во текот на полагањето на испитот за директор настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, повреда, влошена здравствена состојба) за што кандидатот доставува содветна лекарска потврда, како и во вонредни случаи на елементарна или друга непогода, ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

Решение за продолжување на испитот донесува Државниот испитен центар по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот 4 на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Против решението на Државниот испитен центар од ставот 4 на овој член кандидатот може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во продолжувањето на испитот, кандидатот за кој е донесено решение од став 4 на овој член, не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

### Член 18

Третиот дел од испитот кандидатот го полага ако успешно го положил вториот дел од испитот.

За третиот дел од испитот кандидатот изработува, презентира и брани завршен семинарски труд - студија на случај.

Темата на завршниот семинарски труд кандидатот ја добива по завршувањето на обуката, компјутерски генерирана, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од листата на теми.

Темите за листата од ставот 3 на овој член ги подготвувааат обучувачите, по 20 теми од секој модул, односно вкупно 120 теми.

Испитната комисија ги верификува темите.

Обучувачите од ставот 4 на овој член вршат ревизија и ажурирање на темите од ставот 4 на овој член најмалку двапати годишно.

Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на темите, обучувачите одлучуваат најмалку 30% од темите да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.

Завршниот семинарски труд кандидатот го подготвува, презентира и брани во рок од 30 дена од денот на добивањето на темата.

Кандидатот завршниот семинарски труд го презентира и брани пред Испитната комисија.

Испитната комисијата полноважно одлучува ако се присутни сите нејзини членови.

Кога некој член од Испитната комисијата е спречен да присуствува на испитот кој се спроведува, на негово место се повикува неговиот заменик.

Одлуките на Испитната комисија се донесуваат со мнозинство гласови.

Третиот дел од испитот Испитната комисија го оценува со положил/не положил, врз основа подготвениот, презентираниот и одбранететиот завршен семинарски труд. Кандидатот веднаш се известува за оценката на испитната комисија.

Се смета дека кандидатот го положил испитот ако успешно ги положил сите делови од испитот.

За резултатите од полагањето на испитот Државниот испитен центар го известува кандидатот, најдоцна во рок од 15 дена.

Против решението за неположеност на испит за директор, донесено од Државниот испитен центар може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Член 27

За одземање на уверението за директор предлог дава Комисија за ревизија и за одземање на уверение за директор.

Комисијата од став 1 од овој член ја формира министерот за образование и наука.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од: двајца претставници од вработените во Министерството за образование и наука, определени од министерот за образование и наука, еден претставник од вработените во Државниот просветен инспекторат, определен од директорот на Државниот просветен инспекторат, еден претставник од Владата на Република Македонија и еден информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација, определен од министерот за информатичко општество и администрација.

Комисијата од ставот 1 на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 10 став 1 од овој закон, за што доставува извештај до министерот за образование и наука.

На членовите на комисијата од ставот 1 на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Државниот испитен центар донесува решение.

Доколку Комисија од став 1 на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот, предлага одземање на уверението од членот 24 од овој закон.

Член 28

Комисијата за ревизија и за одземање на уверение за директор до директорот на Државниот испитен центар доставува предлог за одземање на уверението за директор.

Директорот на Државниот испитен центар донесува решение за одземање на уверението за директор, врз основа на писмен предлог на Комисијата од став 1 на овој член, во рок од седум дена од приемот на предлогот.

Ако директорот на Државниот испитен центар не донесе решение за одземање на уверението за директор во рокот утврден во став 2 на овој член, решение за одземање на уверението за директор донесува министерот за образование и наука.

Против решението за одземање на уверение за директор може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

По конечноста на решението за одземање на уверението за директор решението се доставува до Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е училиштето и истото се внесува во евиденцијата од член 23 став 1 од овој закон.